| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Воден сообраќај |
| **Содржина на денот** | Цело и половина |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Билјана Цветаноска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување на здрави и безбедни навики во домот,г радинката и пошироката околина, |
| **Активности** | Со помош на слики објаснете му ги на детето поимите: цело и половина. Половина добивате кога едно цело ќе го поделиме на два дела. Земете овошје или зеленчук и на практичен начин можете да му ги покажете овие поими (види слика).<br>Детето го опишува јаболкото, воочува дека е цело. Потоа пресечете го напола, со што се добиваат две половини.<br>На лист од хартија, по свој избор детето црта различни форми, и ја бои половината од нив. Истите ги сече и лепи на подлога во форма на цвет.<br>Следи уште една изработка од цело од половина. Детето сече од хартија во боја кругови големи и мали. Дел од нив ги превиткува на половина, од нив изработува целина која може да претставува некое животно. |